Основна дејност на Националната Установа - Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп (во понатамошниот текст НУ Завод и Музеј - Прилеп) е заштитата на спомениците на културата и музејската дејност.

Заштитата на спомениците на културата се остварува преку:

-изработување на студии, елаборати, анализи и други материјали поврзани со заштитата на спомениците на културата;

-изработување на проекти за конзервација, реставрација, реконструкција и други облици на непосредна заштита на спомениците на културата;

- вештачења, надзор, ревизија и други работи од областа на заштитата на спомениците на културата;

-води регистри на спомениците на култура;

-води стручна евиденција и документација за спомениците на културата;

За 2012 година, НУ Завод и музеј - Прилеп, од областа на заштитата на културното наследство аплицираше со 54 проекти од кои со Националната програма беа одобрени средства за реализација 7 проекти. Реализирани се следните:

I. Проекти од областа на заштитата:

1.Реализација на Прокетот: Непосредна заштита, реализација на конзерваторски проект Куќа во која е прогласена Крушевската Република (Музеј на Илинденското востание)

Раководител на тимот: Кире Јованоски, диа, конзерватор советник

Временска рамка: 18.08 до 18.09.2012 г. (градежни работи)

Одобрени средства: Во програмата за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2012 година, предвиден е и проектот: Непосредна заштита, реализација на конзерваторски проект Куќа во која е прогласена Крушевската Република (Музеј на Илинденското востание) за кој се одобрени средства во висина од 500.000.оо ден.

Реализација: Со реализација на Проектот се започна на 18.08.2012 година после завршувањето на законската постапка со објавување на тендер и извршен избор на изведувач БВ Инжињеринг ДООЕЛ Битола. (Проектот е изработен во 2010 г.)

Работите се извршуваа според предвидените позиции од предмерот на работи и предвидената динамика.

Демонтирани се камените плочи на целиот покрив, исчистен е покривот од малтер од кал (црвеника). После извршената замена на подлогата од штици поставена е тер хартија во два слоја со три жешки премази на битумен со што е постигната квалитетна хидроизолација на целиот покрив и објектот во целост. Стреите се обложени со поцинкован лим обработен и направен одвод на атмосферските води. Поставени се олуци од сите четири страни па поврзани со вертикални олуци.

По извршената селекција на камените плочи истите се наредени на подлога од продолжен малтер со добар меѓусебен преклоп за стабилна врска и одвод на атмосферски води. Редењето на камените плочи е извршено со квалитетно, врз основа на градежните принципи кои гарантираат квалитетна покривка, за подолг временски период.

Исто така беа санирани и натпрозорните дрвени греди со мрежа од поцинкована жица.

Санирани се и фугирани ѕидовите од камен во горната партија каде фугите под адмотсферските влијанија беа отпадната на сите четири страни од објектот. Фасадите се испираа од обоена течна маса за да се доведат до проектираната состојба. Заменети се дотраените штици по стреата на југоисточната фасада која дополнително беше премалтерисана со фин малтер на подлога од рабиц мрежа и обоена е во два слоја со варов раствор.

Реализацијата на овој проект не само за Крушево но и за Република Македонија е од големо значење. Музејот долго време бил без никаква интервенција поради што од прокиснувањето на покривот била доведена во опасност и самата поставка во него, која пак е со големо значење за историјата на Македонскиот народ особено за настаните поврзани со Илинденското востание. Во поставка поместени се оригинални предмети (оружје, карти), фрагменти од иконостас (изработен од тајфата на Гарката од црквата Св. Спас која изгорела за време на Илинденското востание) и облека од времето на илинденското востание. Со оглед на тоа, после извршената конзервација како неопходност се наметнува потребата за преуредување и осовременување на поставката со што овој значаен споменик на културата би станал попривлечен за целата македонска јавност но и за странските посетители кои преку музејот би се запознале со со мал дел од настаните кои ја отслкуваат богатата македонска историја.



Состојба пред конзервација



Состојба за време на конзервација



Состојба по конзервација


02/11/2012


02/11/2012

2.Конзервација на куќа на ул. Партизанска бр. 38 во Крушево - фаза конзервација на фасади

Раководител на тимот: Васка Печијареска, диа, конзерватор советник
Стручен кадар: Илија Беличоски, диа, техничка обработка,
Гордана Данилоска Спироска, ист.на уметност со археологија,
Тони Рувчески, статика.

Со оглед на тоа дека при реализацијата на градежните работи се откриј фрагменти од ѕидно сликарство се наметна потребата од изработка на Анекс кон основниот проект за конзервација на истото со стручен тим во состав:
Оливера Макриевска, ист. на уметност, виш конзерватор,
Благоја Атанасоски, конзерватор советник,
Лидија Чуповска Робева, хемичар, конзерватор советник.

Временска рамка: од 18.07 до 14.09.2012 г.
Одобрени средства: За реализацијата на овој Проект од страна на Министерството за култура беа доделени средства во висина од 2.500.000.оо ден.
Реализација: Со реализација на Проектот се започна на 18.07.2012 година после завршувањето на законската постапка со објавување на тендер и извршен избор на изведувач БВ Инжињеринг ДООЕЛ Битола. (Проектот е изработен во 2009 г.)

Откако се изврши демонтажа на постојните опшивки на фасадата и демонтажа на постојните врати и прозори, се премина кон рушење на бондручните фасадни ѕидови со истовремена замена на дотраените елементи од бондручната конструкција. Демонтиран е подот на терасата и дел од ходникот за појачување на терасата со поставување на нови греди, како и изработка на нов под на терасата, на кој врз новите штици е поставен лим. Извршена е и поправка на конструкцијата на еркерите. Изѕидани се и малтерисани (грубо и фино) нови фасадни ѕидови, стреи и еркери. После што истите се варосани од внатре и надвор со варово млеко. Старите кушаци се заменети со нови.

Откако е ископан малтерот од фугите на фасадата, истите беа повторно фугирани со соодветна фуга.

Постоечките скали се поплочени со камени плочи и изработена е целосно нова ограда од ковано железо.

Од столарски работи со конзервацијата опфатени и реализирани се следните работи:

Изработени се 18 прозори со различни димензии со опшивка од внатре и од надвор, изработени се 8 прозори со опшивка само од внатре. Поради дотраеност и голем процент на оштетеност изработени се врата за на кат, помошна врата и врата за подрумот. Конзервирана е влезната врата.

Од дрво се изработени хоризонтални, вертикални, аголни опшивки и стреа.

На дрвената декорација со претстава на сонце (розета) над балконската врата направена е конзервација.

Сите столарски работи и елементи од дрво, обоени се со карактеристичната крушевска сина боја.

Ѕидната сликарска декорација е навремено и професионално заштитена со бандажирање бидејќи не можеше на неа да се работи поради неповолните

временски услови. Истата ќе се реализира со создавање на поволни услови за тоа.

Реализацијата на овој проект не само за Крушево но и за Република Македонија е од големо значење. Куќата како пример за старогрдска крушевска куќа е своевиден споменик за градителското наследство на нашата земја. Со враќањето на стариот изглед на куќата и на сите градби од овој тип, добиваме споменици на културата кои со тоа што ја отсликуваат нашата градителска традиција привлекуваат и голем број како домашни така и странски туристи кои не само што ќе се запознаат со неа туку се и потенцијални гости на Крушево. На овој начин се збогатува туристичката понуда на Крушево и Македонија.



Состојба пред конзервација



Состојба за време на конзервација



Состојба по конзервација

3. Реализација на проектот: Конзервација, реставрација и реконструкција на фасадите на куќата од Бектешовци на ул. Кеј 1ви Мај бр. 11 во Прилеп

Раководител на тимот: Васка Печијареска, диа, конзерватор советник,
Стручен кадар: Ѓорѓиевска Елена, диа, конзерватор,
Павловска Јосифовска Станка, конзерватор советник-хемичар,
Тони Николовски, виш конзерватор на фрески, мозаик и икони.

Временска рамка: После законски завршената повторена постапка избран е изведувачот: ГИМ - Градежен Институт Македонија од Скопје. Со реализација на Проектот се отпочна на 15.10.2012 г.
Одобрени средства: За реализацијата на овој Проект од страна на Министерството за култура беа доделени средства во висина од 3.000.000.оо ден.
Реализација: Поради богатата керамопластична декорација и богатата пластика на фасадите, дојде до забавување на предвидената динамика за реализација на Проектот. Поради неповолните временски услови кои негативно би влијаеле на целокупната работа и квалитетот на работата, градежната фирма - изведувач во согласност со конзерваторскиот и градежниот надзор ја прекина работата на објектот на 10.12.2012 година. Истата ќе биде продолжена со создавањето на поволни временски услови. Одобрените средства се пренесена обврска за 2013 година.

Куќата од Бектешовци е редок пример на градска архитектура со толку елементи преку кои се гледа влијанието на европската градителска традиција прелеана кај нас. Оваа "европеизирана" градба ја изградил сопственикот Петар Бектеш после долги години престој во Америка како печалбар и посетите на европските градови, како трговец. Изградена е во 1923 година за 2000 златници кои сопственикот ги платил на тајфата sидари од Битола. Преку богатата керамопластична декорација, широките влезни скали клесани во бел камен и заградени со ограда од ковано железо, кои при врвот завршуваат со богати јонски столбови и раскошни капители на влезот, сопственикот сакал и успеал во тоа, да го нагласи својот социјален статус во тогашното општество.

Вертикалите на сите четирите агли од фасадите завршуваат со раскошни керамички капители додека пак фасадите на сите четири страни, завршуваат со богато украсени фронтони со ликови и флорални венци и со испишано име на сопственикот Петар Бектеш.

Со реализацијата на овој проект на објектот ќе му биде вратен целиот сјај и раскош со што ќе се потенцира градскиот дух на тоа време во Прилеп. Исто така, со оглед на тоа дека куќата се наоѓа во централното градско подрачје, во опфатот на пешачката зона на Старата чаршија, заедно со сите други целини чие уредување го реализира ЛС на Општина Прилеп ќе се "комплетира" убава визура како за прилепчани така и за сите посетители на Прилеп.



Состојба пред конзервација



Состојба за време на конзервација



Сегашна состојба

4. Реализација на Проектот: Конструктивна консолидација на Саат Кула во Прилеп

Раководител на тимот: Основниот Проект е изработен од стручен тим во ЈНУ ИЗИИС, Скопје со раководители:
Проф. Др Влатко Шешов и Проф. Др. Вероника Шендова
Стручен кадар: од ЈНУ ИЗИИС Скопје

Временска рамка: од 15.11. 2012 год. до завршување на работите;
Одобрени средства: Во програмата за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2012 година, предвиден е и проектот: Конструктивна консолидација на Саат Кулата во Прилеп, за кој се, одобрени средства во висина од 3.000.000.оо ден. Реализацијата на Проектот финансиски е помогната и од ЛС на Општина Прилеп со средства во висина од 2.000.000.оо ден.
Реализација: Со реализација на Проектот се започна на 15.11.2012 година после завршувањето на законската постапка со објавување на тендер и извршен избор на изведувач: GEING Krebs und Kiefer International, ДОО Скопје од Скопје.

Припремните работи околу Саат Кулата започнаа со расчистување на просторот од постоечката вегетација (украсни дрва, грмушки и цветни жардињери) и сите парковни предмети (мермерни клупи и поединечни седишта, фонтани и др.) при што беа ангажирани комуналните претпријатија од градот со својата тешка механизација. Потоа се премина кон демонтажа на чешмата - прилепена до Саат Кулата, која поради обврската на изведувачот по

завршената работа повторно да ја монтира, мораше да се врши внимателно за што е можно повеќе од елементите да се сочуваат целосни и неоштетени.

Во меѓувреме после доставените и добиените одговори на барањата за подземен катастар на ЕВН Македонија, ТЕЛЕКОМ Прилеп и ЈП Водовод и Канализација - Прилеп се премина на расчистување на просторот од електрични кабли, водоводна инсталација и кабли од телекомуникацискатa мрежа.

Почетокот на реализацијата дополнително ја усложни и забави ЕВН Македонија подружница Прилеп поради инертноста и незаинтересираноста за носење на приклучок за струја во близина на Саат Кулата за потребите на Изведувачот и покрај навремената уплата за приклучок од страна на НУ Завод и Музеј.

Така што горенаведените демонтажи во просторот, очекувањето на одговорите за подземниот катастар и очекувањето на приклучок во електричната мрежа го поместија почетокот на работите за месец дена.

Од страна на НУ Завод и Музеј се направија напори потребната електрична енергија да се обезбеди со помош на сопствените агрегати но тие беа недоволни за градежните машини кои Изведувачот ги постави на терен.

Реализацијата започна со копање на бунари со длабочина од 9м. и широчина 0.40 м. и нивна исполна со бетон и арматура.

Тоа предизвика дополнителни потреби бидејќи постојната одводна мрежа не ги задоволи потребите на машините и доаѓаше до постојано затнување на истата. НУ Завод и Музеј на барање на Изведувачот ангажираше кипер кој ископа јама во која се одведуваа исплаките надвор од ограденият простор. Дополнителен проблем беше и постоечклата водоводна мрежа која ни оддалеку не ја задоволуваше потребата за вода на градежните машини па на барање на НУ Завод и Музеј добиени се противпожарни црева од Противпожарната единица од Прилеп, приклучени на хидрантната мрежа во Старата чаршија.

Откако се ископани сите 42 бунари се премина на копање за поставување на бетонската плоча и платно на длабочина од 2.40 м. Истата е поставена на едната страна од шестоаголната основа на Саат Кулата.

Поради влошување на временските услови (ниски температури) што предизвика бетонската база, снабдувач на Изведувачот, да прекине со производство, па согласно тоа и изведувачот ја прекина својата работа на 13.12. 2012 година се до подобрување на временските услови како услов за навремен дотур на бетон. Одобрените средства се пренесена обврска за 2013 година.

Реализацијата на овој Проект за градот Прилеп, а со тоа и за Република Македонија е од големо значење.

Саат Кулата во Прилеп е единствена од ваков тип (шестоаголна) во нашата земја и втора по големина во Македонија со своите 37,78 м. но единствена по накривеноста.

Изградена е во 1858 година од градителската тајфа на Коста Лауцо и е една година постара од славниот Биг Бен во Лондон - Англија.


Уште од самиот почеток по нејзиното градење, започнало искривувањето на кулата поради составот на почвата врз која е изградена и се состои од песоклива почва со постојани движечки води.

Од многубројните истражувања и мерења кои се вршат систематски уште од 1994 година, па секоја втора година, утврдено е дека кулата по вертикала отстапува 0, 83 м. од основата.

Со реализацијата на овој Проект, воедно и стабилизацијата на кулата во состојбата односно искривеноста во која се наоѓа , Прилеп и Република Македонија, ќе добие уште една туристичка атракција во центарот на градот, во склоп на Старата чаршија која според досегашните сознанија

многу е интересна за прошетки и престој како за домашните така и за странските туристи.

Убавината на Саат Кулата и нејзината особеност ќе бидат уште повеќе потенцирани со најавеното уредување на просторот околу неа, во организација на ЛС на Општина Прилеп.



1.Пред почетокот на работите





2.Дупчење и бетонирање за 42 бетонски колови






22/10/2012 12:14

3.Сечење на колови и лиење на бетонска плоча на длабочина од 2.40 м.










3.Демонтажа на чешмата до Саат Кулата





Печатени медиуми

7 септември 2012

ЗЕНИТ 3

ЌЕ СЕ САНИРА СААТ КУЛАТА

ЌЕ СЕ СПРЕЧИ НАВАЛУВАЊЕТО, АМА И ЌЕ ЧУКА

Со пет милиони денари Заводот и Музеј ќе го санира навалувањето од 85 сантиметри кон југоисток на градскиот саат, кој наликува на кривата кула во Пиза. Градежните работи на споменикот на културата ќе почнат идната недела, откако ќе завршат законските процедури по изборот на фирмата "Геинг" од Скопје да ги изведува работите.

Министерството за култура за санацијата оддели три милиони денари, а општината два милиони.


- Ќе се копаат длабоки дупки до 12 метри во кои ќе се тура бетон. Под кулата ќе се поставува бетонска плоча, а на површината ќе има потпорен ѕид, кој ќе го "прегрнува" саатот, постар за една година од лондонскиот Биг Бен. Подоцна планираме да се обнови и механизмот од саатот да чука и да го мери времето како некогаш - изјави Гордана Данаилоска - Спироска, директор на Завод и Музеј.

Саатот е висок над 38 метри, а е изграден 1858 година од познатите мајстори Коста Лауц и Ристе Тасламиче во периодот на најголемиот процвет на занаетчиството.

ФЕНЕРИ В ПАРК

За прилепчани Саат кулата е култ, вечност, курназлак. Сведоштво е на богатата градителска историја. Општината вложува два милиони денари Саатот да го претвори во туристичка атракција.

- Ќе продолжиме со уредување на просторот околу Саатот. Ќе го реконструираме во автентичен стил, онака како што бил во минатото. Ќе се постави калдрма, оригинална урбана опрема и фенери за осветлување. Сакаме да привлечеме повеќе туристи - вели градоначалникот Марјан Ристески.



Ќе се запира навалувањето на Саатот

СААТОТ СВЕДОК НА ВРЕМЕТО

Хроничарот Благоја Алексоски вели дека и Саатот се препознава по прекар. Според него Саатот симболизира машкост, исправеност, простум, инает и непокорност. Затоа и денес некои од старите мајстори го викаат гордост. Легендата вели дека секој прилепчанец давал најмалку по едно живо јајце за вградување во темелот, да биде цврст како варовник.

Граѓаните и ден денес велат "кај да си, од саатот подалеку да не си". И Турците го одбележале постоењето на Саатот со ставање плоча со арапско писмо на која пишува дека "чукањето на саатот не секогаш го означува времето, туку вика Ах за животот и времето што одминува".

Има многу преданија за Саатот. Едно од нив вели дека Саатот отчукува „Ах", оти една прилепчанка на мандалото ги ставила писмата од својот сопруг кој не се вратил од печалба. Во друго се раскажува дека во стрелките на Саатот живеат духовите на Глигур Поснасарма и Суле Дервишот, кои биле прилепски хроничари. Старите раскажуваат дека Саатот бил место за одмор и спокојство.

5. Реализација на Проектот: Темелна реконструкција на источниот конак во Манастирот св. Арахангел Михаил, Варош, Прилеп

Раководител на тимот: Илија Ристески, диа, виш конзерватор,
Стручен кадар: Елена Ѓорѓиевска, диа, конзерватор; Сузана Грибовска, диа, конзерватор (проектот е изработен во 2009 г.).

Временска рамка: После четири повторувања на тендерот (поради повисоки понуди од расположивите финансиски средства), избран е изведувачот ГИМ - Градежен иснтитут македонија од Скопје и со реализацијата на Проектот започна на 15.10.2012 г.
Одобрени средства: За реализацијата на овој Проект од страна на Министерството за култура беа доделени средства во висина од 3.000.000.оо ден.
Реализација: Составот на карпите и спецификите на мерките кои требаше да се преземат за нивно разбивање, исто така и недостапноста на теренот за носење на соодветна механизација со која би се забрзала реализацијата доведоа до забавување на планираната динамика. Изведувачот беше принуден повеќето од работите да ги работи само со помош на физички работници без употреба на машини. Реализацијата на Проектот ќе тече во неколку фази. Оваа година се реализира - фаза I, односно фундирање на темелите, изградба на потпорниот камен sид и sидање на носечките столбови.
Сите горенаведени потешкотии во реализацијата доведоа до оддолжување во влошени временски прилики така што во консултација со градежниот надзор, изведувачот ја прекина работата на 10.12.2012г. Работата ќе продолжи со подобрување на условите за работа.
Средствата одобрени за реализацијата на овој Проект се пренесена обврска за 2013 година.

Реализацијата на овој Проект е од големо значење поради евидентната потреба од овој конак. Имено после уништувањето на овој конак со пожарот во 16 век, во повеќе наврати се правеле обиди да се обнови. Последниот обид датира од 1995 година кога поради лоши конструктивни решенија иако изграден до првиот кат, конакот сепак се срушил па во годините после тоа кога се идејата за негово повторно градење, мораше просторот да се расчистува од остатоците.

Изведбата е доста тешка и своевиден градителски потфат поради составот и изгледот на карпите. Се работи за гранитни карпи екстремно тврди но и со целосно мазна површина што дополнително го комплицира пристапот до местото за градење но и работата врз нив.

Поставување на камен темелник за источниот конак во Манастирот св. Арахангел Михаил





Приготвување на теренот







6. Непосредна заштита, реализација на конзерваторски проект: археолошки локалитет Стибера, сектор Гимназион, пункт I, II, III, и IV

Раководител на тимот: Кире Јованоски, диа, конзерватор советник
Стручен кадар: Елена Ѓоѓиевска, диа, конзерватор
Временска рамка: Проектот е реализиран во периодот од 12.06. до 12.10.2012 година.
Одобрени средства: Во програмата за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2012 година, предвиден е и проектот: Непосредна заштита, реализација на конзерваторски проект: археолошки локалитет Стибера, сектор Гимназион, пункт I, II, III, и IV во висина од 2.500.000.ден.
Реализација: Реализацијата во 2012 година всушност претставува континуитет на конзервацијата во 2010 година. По извршениот увид на лице место во состаојбата на градбите се констатира дека градбите од времето на нивното пронаоѓање до конзерваторкста интервенција, се доста разградени под влијание на временските прилики и човечката негрижа (имено на локалитетот бидејќи не е ограден во периодот кога не се работи од страна на НУ Завод и Музеј, се напасува стока).

Најпрво се конзервираше ѕид во насока на профилот на ископувањата на сеуште недефинирана, од страна на архелозите, просторија со должина од 9,45 м. и ширина од 0,55 м. со вкупна квадратура од 9,46 м^2. Во истиот пункт конзервирана е и мала просторија до култен објект. Најобемна и специфична е конзервацијата на двата културни објекти бидејќи и во двата требаше да се употреби камен кој ќе биде претходно внимателно селектиран по големина, боја

и структура, што претставуваше дополнителна потешкотија но и конзерваторски предизвик.

Со конзервацијата оваа година, завршена е конзервација на сеуште недефинирани простории во вкупна должина од 42 м. со просечна дебелина на ѕидовите од 0,55 м и висина на ѕидање од 0.35 па се до 1.20 м.

Изведена е конзервација и реконструкција на одводен канал со должина на ѕидови од 28 м. Двата ѕида од одводниот канал се ѕидаа со две лица во висина од 0.50 до 0.70 м и широчина на ѕидовите од 0.55 м. односно вкупно е вграден материјал - камен и продолжен малтер од 12.80 м^3.

Последна позиција на која се вршеше конзервацијата е реконструкција и конзервација на Хеленистички бедем во пункт IV во должина од 38 м. Бедемот е ѕидан со отворено западно лице со просечна висина од 1.60 м. или вкупна изѕидана површина од 60.80 м^2, секако со селектиран камен по големина, боја и структура.

При реализацијата на овој Проект, употребени се вкупно 150 м^3 камен, 260 вреќи усје мал, 30 вреќи цемент и 40 м^3 сепарирана песок.

Реализацијата на конзерваторскиот проект на локалитетот Стибера, ја пополнува и потврдува сликата за важноста на овој локалитет односно градот Стибера во периодот во кој опстојувал(II в. п.н.е. до II в.н.е.)

Со ставањето на локалитетот Стибера во редот на капиталните проекти на Министерството за култура, соодветно на тоа и средствата кои се одобруваа за археолошките истражувања реализирани изминатите години, како и висината на средствата за конзервација на откриеното, оваа година придонесоа за голема популаризација и запознавање на македонската и пошироката јавност за важноста на овој локалитет, кој изминатите 30 години неправедно бил запоставен во смисол на средства.

Доказ за се поголемиот интерес за посета на Стибера се се почестите барања од туристичките агенции за информации како да се дојде до локаалитетот но и се поголем број на школски екскурзии кои го посетиле.

Од голема важност се посетите на младите луѓе кои од најраната возраст но и средношколците на самото место се запознаваат и се учат да го почитуваат и да бидат горди на културното наследство на Прилеп, а со тоа и на Македонија.



Култен објект пункт III пред конзервација



Култен објект пункт III по конзервација



Хелинистички бедем пункт IV пред конзервација



Хелинистички бедем пункт IV по конзервација



Посета на министерката за култура на РМакедонија Елизабета Канческа Милеска на лок. Стибера



19

СЕ НАЈДЕНИ НАЈМНОГУ СКУЛПТУРИ

Стибера стокмена за посетители

Економски моќен град

Стибера с. Чепигово е градска населба од хеленистичко и римско време, а се наоѓа на 16 км западно од Прилеп, над вливот на реката Блато во Црна Река (Еригон). Својот процут градот го доживеал во 2 век н.е., а богатството на мермерни скулптури и натписи, зборува за економската моќ на бројни семејства во него. Животот во Стибера згаснал во втората половина на 3 век н.е. одеднаш и насилно. Иако причините се уште се непознати, времето се совпаѓа со ограбувачките походи на Готите и Херулите. Првите истражувања во Стибера се вршени во 1953 година кога е откриен храмот на богинката Тихе и јавната градба Гимназион. Во понатамошни истражувања покрај остатоците од градби, откриен е голем број на мермерна пластика, најмногу на територија на Македонија, меѓу која се издвојуваат 13 портретни и 4 култни статуи во природна големина... ■

е наоѓале мермерни скулптури на стакнати граѓани во природна големина. Исто така, заштитени се и вата култни објекти во кои се одржувале ритуали посветени на божествата, откриени со ископувањата во 2009 и 2010 година. Римскиот и дел од хелинистичкиот бедем, исто така, беа опфатени со конзервација", објаснува Јованоски.

Тој, исто така, посочи дека е конзервиран и реконструиран одводниот канал во должина од 45 метри, кој започнува од римскиот бедем, каде се најдени со ископувањата значајни наоди, како и бројните мермерни статуи.

„Овој канал всушност е со огромно значење бидејќи токму тука се пронајдени најголем дел од скулптурите. Во тоа време на чести војувања, токму во одводен канал се фрлани мермерните скулптури како знак на одмазда и понижување по победата на освојувачот", додава Кире Јованоски. Конзервација на сите објекти годинава е извршена со средства од Министерството за култура на РМ во висина од 2. 5 милиони денари. ■ (Д.Т.)

7. Конзерваторски проект - Реконструкција на дел од североисточниот бедем со изведба на Горна порта во манастирскиот комплекс Св. Преображение во с. Зрзе, Општина Долнени.

Раководител на тимот: Илија Ристески, диа, виш конзерватор,
Стручен кадар: Грибовска Сузана, диа конзерватор, Елена Ѓорѓиевска, диа, конзерватор.

Одобрени средства: Во годишната програма за финансирање на проекти од национален интерес овој Проект е финансиран со 350.000.оо ден.
Реализација: Проектот е изработен во рокот согласно решението

Манастирот Св. Преображение во с. Зрзе од западната и јужната страна е заобиколен со планина, источната страна лежи врз карпа во која се издлабени монашките келии, па така остануваше само северната страна единствениот приод до него. Со оглед на тоа дека во тој простор при археолошките ископувања во текот на 2009 и 2010 се потврди постоењето на доцноантички бедем, оттука произлезе потребата за реконструкција на овој значаен наод и заокружување на целината со изградба на порта.

8. Сондажни археолошки ископувања на гробници издлабени во камен во прилепско, атар на с. Горно Село (прва фаза)

Раководител на тимот: Темелкоски Душко, археолог, виш кустос,
Стручен кадар: Александар Миткоски, археолог, кустос советник.

Временска рамка: Проектот се реализираше во периодот од 1.10. па се до 2.11.2012 г.
Одобрени средства: Во годишната програма за финансирање на проекти од национален интерес овој Проект е финансиран со 80.000.оо ден.
Реализација: Оваа година се реализираа систематски архолошки истражувања на локалитетот Сурун - потег Испраена плоча во атарот на селото Горно Село во близина на Прилеп. Со оглед на ограничените финансиски средства се доистражуваа Гробница 1 и 2 на овој локалитет. Гробниците датираат од доцномакедонскиот период (II в.п.н.е.)

Во гробница 1 отстранети се насипите од земја во внатрешноста останати уште од периодот на истражувањата во 1959 година. Пронајдени се фрагменти од керамички и стаклени садови, накит (две биконусни сребрени монисти, мал топчест приврзок и фрагмент од фибула од малоазиски тип), една автономна монета на градот Тесалоника, фрагменти од мерeмрни плочки, како и голем број на железни клинци.

Гробницата 2 првично била истражена во 1992 година, при што се откриени преткомората и комората на гробницата. Оваа година откриен е и дромосот пред влезот во гробницата кој бил оформен со засекување на карпата, со должина од 6,70 м. Од движен материјал евидентирани се голем број фрагменти од керамички садови, накит (железен прстен, фрагменти од фибули од малоазиски тип, фрагменти од сребрена обетка и бронзена украсна игла) фрагменти мермерни плочки и железни клинци. Под насипаниот слој на исфрлена земја од внатрешноста на оваа гробница од северната страна откриени се вкопани јами од римски период односно од 1 в. н.е. - датирани

според пронајдените керамички садови и стакло, како и бронзената монета на императорот Тибериј. Дел од јамите претставуваат гробови со кремација.

Со истражувањата на овој значаен археолошки локалитет се започна уште претходната година но во соработка со Археолошкиот факултет од Мелбурн, Австралија, кога беа потврдени очекувањата за неговата важност за нашата историја.

Сепак ограничените финансиски средства не дозволија некои посериозни истражувања во текот на оваа година. Но материјалот кој беше откриен доволно зборува за важноста на овие гробници кои поради тоа биле и се сеуште цел на дивите копачи.

Доколку овогодинешните напори да се добијат средства преку аплицирање во Американската амбасада резултираат со плод, ќе се изврши конзервација на гробниците на кој начин ќе станат достапни за поширокаата јавност.



Гробница пред започнување со работите



Гробница пред започнување со работите



Наоди од гробница



Гробница



Керемички сад од гробница



Гробницата по завршување на работите

9. Археолошки истражувања на локалитетот Сламите с. Вепрчани

Раководител на тимот: Миткоски Александар, археолог, кустос советник,
Стручен кадар: Темелкоски Душко, археолог, виш кустос.

Временска рамка: Проектот е реализиран во периодот од 6.08. до 7.09.2012 г.
Одобрени средства: Во годишната програма за финансирање на проекти од национален интерес, проектот е финансиран со 80.000.оо ден.
Реализација: Оваа година се реализираше фаза 2, на тумулот 1 на локалитетот Сламите кај с. Вепрчани.

Истражувањата овозможија да се добијат нови сознанија во врска со начинот на погребување и самите погребни ритуали во железното време во просторот на Мариово. На овој мал простор, што е од особено значење, се гледа практикување на двата основни ритуали на погребување, односно кремација и инхумација, што само по себе ни ја дава информацијата дека истиот простор за погребување се користел и во доцноантичкиот период.

Истражувањата на овој локалитет ја потврдуваат важноста и значењето на Мариово, односно колку овој простор бил населен уште од праисторијата. Целиот овој простор изобилува со тумули што докажува дека уште од праисторијата бил густо населен. Тука се преплетувале патишта но и култури од праисторијата па натаму. Впрочем со овие истражувања се повеќе и повеќе се дополнува збирката на предмети кои сведочат за историјата на Мариово и нашата држава, а заземаат значајно голем простор во археолошката поставка во НУ Завод и Музеј Прилеп.



Гроб



Тумул



Гроб



Наоди од гроб

IV. ВОНПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

1. Елаборат за привремена заштита на куќа на Ул. Моша Пијаде бр. 147 и 149 во Прилеп

Раководител на тимот: : Кире Јованоски, диа,конзерватор советник.
Стручен кадар: Елена Ѓорѓиевска, диа, конзерватор
Елаборатот на стручна оценка до Управата за заштита на културното наследство доставен е на 30.11.2012 г.
Одобрени средства: Проектот се реализираше од сопствени средства кои на наше барање очекуваме да бидат надоместени од АКН на Република Македонија за чии потреби истиот се изработи.

Изготвувањето на Елаборатот во овој момент ќе овозможи заштита на споменикот согласно Законот за заштита на спомениците на културата, при изведувањето на најавената конзервација на фасадата која би требало да се реализира во 2013 г. со средства од АКН на Република Македонија.

2. Елаборат за валоризација на куќата на ул. Моша Пијаде 130, во Прилеп

Раководител на тимот: Јованоски Кире, диа, конзерватор советник,
Стручен кадар: Сузана Грибовска, диа, конзерватор.
Одобрени средства: Проектот се реализираше од сопствени средства со цел изработка на Конзерваторски проект во рамките на реализацијата на проектите за конзервација на фасадите во Р. Македонија.

Изготвувањето на Елаборатот ќе овозможи реевидентирање и вреднување на спомениците на културата во Р.Македонија, со што се одредува точниот број на истите и нивно ставање под заштита во рамките на реализацијата на проектот на Владата на Р. македонија, конзервација на фасадите на старата градска и амбиентална архитектура.

3. Учество на 7ми Меѓународен собир на градови со историски јадра во Париз - Франција. На овој собир како месно надлежен НУ Завод и Музеј имаше своја презентација за куќите во Крушево.

НУ Завод и Музеј Прилеп, по прв пат на покана на Асоцијацијата, се вклучува во работата на оваа Асоцијација за зачувување на историските јадра. Присуството на овој собир беше со доста обемна агенда на која можеа да се слушнат искуствата од сите краеви на светот каде делува оваа Асоцијација (Европски земји - Хрватска со Дубровник, Албанија со Берат, Бугарија со Велико Трново), Африкански земји (Мали, Ангола и др. земјите од Блискиот Исток) итн.

На Собирот присутните се запознаа со особеностите и спецификите на градителскто наследство на Крушево и Македонија, при што беше искажана готовност од страна на организаторите преку идна посета поблиску да се запознаат со него.

4. Вршење увиди по барање на Управата за заштита на културното наследство за легализација на објекти

Во текот на оваа година извршени се вкупно **48** увиди кои се однесуваат на легализација на дивоградби на територијата на нашата меснонадлежност, односно во Прилеп и Крушево.

НАПОМЕНА:
За увидите што се однесуваат на легализација на бесправно изградените објекти бидејќи се вонпрограмска активност, очекуваме дека ќе бидат одобрени дополнителни средства за гориво и поштенски трошоци, бидејќи во спротивно се доведува во прашање реализацијата на Програмата.

5. Стручна контрола на Проекти изработени од други правни субјекти, или по барање на физички лица

Во текот на оваа година Комисии формирани од стручните лица во НУ Завод и Музеј, извршија стручна контрола на 10 Проекти (идејни и основни).

6. Конзерваторски надзор при реализација на проекти од НУ Завод и Музеј, и Проекти со надворешни реализатори врз објекти од културното наследство

Во текот на изминатава година стручните лица од нашата установа извршија конзерваторски надзор на 5 објекти.

7.Учество на Симпозиуми

Стручните лица од областа на археологијата оваа година зедоа учество на 22 Симпозиумот на МАНД во Нов Дојран од 17 до 20.10. 2012 година, каде се претставија со **4** реферати.

Со учеството на Симпозиумите се презентираат резултатите од археолошките истражувања пред поширокатa македонска стручна јавност, исто така со печатењето на рефератите во зборникот на МАНД истите стануваат достапни за поширок круг на корисници вклучително и студентите на нашите универзитети со што се популаризира културното наследство на Прилеп и околината.

8.Стручни трудови и мислења

8.1 Стручните лица од областа на археологијата во текот на оваа година подготвија и испратија за печатење **9** стручни трудови кои се однесуваат на археолошките локалитети на територијата на Прилеп.
Од областа на Историја објавени се **8** стручни трудови.
Од областа на историја на уметност објавен е **1** стручен труд.

8.2 На барање на Министерството за култура изготвено е мислење по Предлог Законот за прогласување на Споменичката целина Крушево за културно наследство, кој беше донесен оваа година.

9. Изработка на Заштитно конзерваторски основи

9.1 Изработка на ЗКО по барање на ЛС на Општина Долнени за локалитетот Градиште во село Дебреште;
9.2 Изработка на ЗКО за генерален урбанистички план на град Крушево.

10. Евиденција и дигитализација

Во текот на оваа година реализирана е дигитализација на основи и карактеристични фасади на 45 селски цркви од околината на Прилеп.

Дигитализацијата е направена со цел достапност до информации за параметрите на црквите или нивна класификација со што во наредните години би дошло и до публикување на материјалот . Оваа публикација е од големо значење со тоа што за прв пат, материјал кој дава целосен преглед за црквите во прилепскиот крај, ќе биде достапен за сите корисници.

11. Каталогизација

За потребите на НУ Археолошки музеј на Македонија во Скопје, беше извршена каталогизација на 22 предмети.

12. Награди и признанија

12.1 Музеј на годината за 2011 година

Националниот комитет на ИКОМ за РМакедонија на НУ Завод и Музеј Прилеп оваа година му ја додели престижната награда Музеј на годината за 2011 година во конкуренција на сите Музеи од нашата држава. Оваа награда НУ Завод и Музеј Прилеп ја доби за реализацијата на проекти од областа на музејската дејност и тоа:

- Поставување на постојана археолошка поставка во зградата на Музејот;
- Преуредување на поставката во Меморијалниот музеј "11-ти Октомври 1941".

Исто така награда доби и етнологот Алексадар Цветкоски - виш кустос во НУ Завод и Музеј Прилеп, за најдобар музејски работник за 2011 год. за изработка на каталогот за Музејот за тутун.



8 ЗЕНИТ КУЛТУРА 18 мај 2012

НАЈДОБАР МУЗЕЈ ВО 2011 ГОДИНА

- НАГРАДАТА Е ДОДЕЛЕНА ЗА АРХЕОЛОШКАТА ПОСТАВКА И ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА И РЕСТАВРАЦИЈАТА НА МУЗЕЈОТ 11 ОКТОМВРИ
- ПРИЗНАНИЕ И ЗА КУСТОСОТ АЛЕКСАНДАР ЦВЕТКОСКИ

Заводот и Музеј Прилеп се закити со наградата Музеј на годината за 2011 година, што за 18 мај - денот на музеите, традиционално ја доделува Македонскиот национален комитет на Меѓународниот совет на музеите. Престижното признание се додели заради остварувањето на значајни проекти, вредни за македонското културно и историско наследство.

- Наградата отиде во прилепскиот Музеј, бидејќи ја отвори археолошката поставка со вредни артефакти, ископани на бројните локалитети и за реконструкцијата на Музејот 11 Октомври - рече Захаринка Алексоска - Бачева.

Гордана Данилоска - Спироска, директор на Музејот, вели дека наградата е поттик за поголем ангажман за заштита и истражување на културното наследство.

- Продолжуваме со несмалено темпо во заштитата на вредното наследство - потенцира таа.

Награда доби и етнологот Александар Цветкоски, кој е прогласен за најдобар музејски работник за 2011 година. Признанието кај Цветкоски е упатено заради неговиот придонес во изработката на вредниот каталог на македонски и англиски јазик за поставката на предмети за уживање за тутун од музејот за тутун.

Најдобар музејски работник - етнологот Александар Цветкоски

НОВ ЛИК ЗА КУЌАТА НА БЕКТЕШОВЦИ

"Ќе се реконструира куќата на Бектешовци, градена во 1923 година, со прецизно дефинирана естетика, изградена во духот на граѓанската архитектура, со нагласена раскошност на формите". Ова го најавија од Музејот, информирајќи дека за скоро време ќе почне реставрацијата на фасадата, балконите, скалите, прозорците и оградата, за што ќе се инвестираат околу три милиони денари.

- Сакаме да ја доловиме автентичноста на куќата, која е една од 16-те, за кои претстои заштита и обнова- вели Данилоска - Спироска.

И објектот на Катастарот, заштитен со закон ќе добие нов лик.

Археолошката поставка е една од причините Музејот да биде најдобар во минатата година

12.1 Плакета 3-то ноемриска награда на град Прилеп

По повод одбележувањето на ослободувањето на град Прилеп, Комисијата за одбележување на значајни настани, личности и празници на ЛС на општина Прилеп на НУ Завод и Музеј Прилеп му додели **"Плакета 3-ти Ноември"** за реализација на повеќе проекти во областа на конзервацијата, реконструкцијата и археолошките ископувања.



ОПШТИНА ПРИЛЕП

ПО ПОВОД ДЕНОТ НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА ПРИЛЕП 3-ти НОЕМВРИ, КОМИСИЈАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ, ЛИЧНОСТИ И ПРАЗНИЦИ ИЗДАВА

УВЕРЕНИЕ

ПЛАКЕТА "3-ТИ НОЕМВРИ"

НА *Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп*

ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПОВЕЌЕ ПРОЕКТИ ВО ОБЛАСТА НА КОНЗЕРВАЦИЈАТА, РЕКОНСТРУКЦИЈАТА И АРХЕОЛОШКИТЕ ИСКОПУВАЊА

3.XI.2012 година
Прилеп

Претседател на
Комисијата за одбележување
на значајни настани,
личности и празници
Примариус Д-р Благоја Дамески

V. Работи и активности на стручните служби

1. Педагошко водичката служба континуирано се реализираше во текот на целата година во сите објекти - надлежност на НУ Завод и Музеј Прилеп, и тоа:

- Спомен куќата на Кузман Јосифоски - Питу
- Спомен куќата на Блаже Конески во с. Небрегово
- Меморијален музеј 11 Октомври 1941 г.
- Археолошка поставка
- Галерија на икони

- Музеј за тутун
- Могила на непобедените

Посетите на сите објекти се состојат од школска младина, поединечни, организирани од сојузите на пензионери и странски поединечни. Во сите објекти регистрирана е посета од **7561** лице.

2. Практична настава

Во рамките на нашата установа под раководство на стручно лице се изведува практичната настава на студентите од Филозовскиот факултет при Универзитетот св. Кирил и Методиј - Институт за историја. Оваа година практичната настава ја завршија 7 студенти.

3. Стручна соработка и рецензии

Стручните лица од нашата установа беа ангажирани како стручни соработници и рецензенти при изготвувањето на Монографијата - Победничкиот истрел - 71 годишнината од утрешнината, на авторот Елизабета Митревска. Промоцијата на оваа Монографија беше одржана во просториите на Меморијалниот музеј 11 Окотомври 1941 година.

4. ИНДОК центар

Специјална библиотека

Во текот на 2012 година набавена е, примена и стручно обработена стручна литература од земјата и странство, добиена по пат на размена, претплата и поклон.

Книжниот фонд на специјалната библиотека го сочинуваат: книги 2300, списанија 1832 и прирачна литература 159 примероци.

Едновремено се води постојана кореспонденција за набавка на книги и списанија по пат на размена и претплата.

Во склоп на работата на дигитализација на културното наследство за во базата на Националниот информативен систем обработени се и внесени 6 културни добра од недвижното културно наследство.

Фотограф

Изработена е фото документација за археолошкиот локалитет Сламите, конакот во Зрзе, од археолошкиот локалитет Сурун, Горно Село.

Извршено е скенирање и обработка на негативи и фотографии за потребите на Одделенијата.

Скенирани и обработени се 475 стари негативи за потребите на Одделението за заштита на културното наследство.

Сите направени увиди се поткрепени со соодветна фото документација.

5. Етнолошко Одделение

Со откуп на предмети во текот на оваа година добиени се 110 предмети кои целосно се обработени 67 но поради ограничените средства односно немање на средства, вкупно 731 предмет не се фотографирани како составен дел од евиденционите картони.

6. Одделение за историја на уметност

Во текот на 2012 година изготвени се два проекти за конзервација на фрескоживописот во црквите св. Никола с. Зрзе и св. Никола с. Манастир, Мариово.

7. Конзервација

И покрај тешкотиите кои произлегуваат од немањето на средства за опремување на лабораторијата како и нејзина адаптација, сепак, извршена е конзервација на археолошки предмети од керамика, глина, полупечена глина, стакло итн.

I. ПРОЕКТИ ОД МУЗЕЈСКА ДЕЈНОСТ

За 2012 година, НУ Завод и Музеј пред Министерството за култура, аплицираше со 14 проекти, од кои со програмата за финансирање на проекти од национален интерес, за финансирање беа прифатени 5 проекти. Реализирани се следните проекти:

1. Едукација на ученици, професори и школски персонал за духовното и социјално културното наследство на Македонија - Школите во музеите или музеите во школите

Раководител на проект: Александар Цветкоски, етнолог, виш кустос.
Стручен тим:
Одобрени средства: Во програмата за финансирање на проекти од национален интерес Проектот е поддржан со средства во висина од 100.000.оо ден.
Временска рамка: Во текот на целата година.
Реализација: Проектот е реализиран низ различни фази метопди како што се: работилница насловена реминисценција заради утврдување на постигнатите ефекти искуства од изминатите години. Иницирана е работилница за 7 директори на основни училишта и Советникот за образование на Општина Прилеп, како и пилот школски работилници за мониторинг на примена на методата Игра на улоги. Се формира фокус група заради евалуација на проектот и школски тимови за имплементација на проектните задачи.Тимовите се подготвувани за снимање на ТВ перформанси, направено е пробно снимање, одредена е локација за снимање па на крајот се снимени ученичките настапи. Како резултат се реализираше ТВ емитување на настапите во документарна програма.За учесниците се подготвени и доделени благодарници за училиштата , учениците, новинарите и наставниците.

Подигањето на нивото на ученичкото знаење за одредени аспекти на народната култура се реализирани преку едукација на наставниците по македонски јазик, историја и уметност, кои спроведоа проектни активности во самите училишта за спознавање на социјалната култура преку игровни методи, со предоминација на драматуршките методи.

Едукативната нота на мисијата на нашата Институција се оствари и преку запознавање на директорите на основните училишта, на специјално креирана работилница за таа намена, во која ги презентиравме можностите за едукација на едукатори и директно учество на музејот во проектната настава на учениците. Постигнато е и бараното ниво на знаење на наставниците за дејството на социјалната култура врз општото ниво на културата, нејзино препознавање и внимателно користење за потенцирање на естетските, етничките и националните вредности на овој вид културно наследство. Тоа беше постигнато преку дисеминација на школски курикулуми, во кои на интересен начин е претставено дејството на социјалната култура, во строго ограничени пригоди, во идеални случаи на примена во селска средина - во минатото. Со тоа потенцирана е важноста на селотоска, културна, економска, регулативна и морална заедница, со строго определени верувања, функции, систем на табуи. Тоа ќе допринесе поимот село да не се користи во пежоративни конотации, кои се останати

од нашето социјалистичко наследство, туку како ресурс и потенцијал за изведување етички, естетски, културни и други поенти.

Работилници











2. Популаризација и промоција на културното наследство - иконописот на територија на Општина Прилеп (фаза 4)


Раководител на проектот: Велкоски Илија, кустос советник.
Стручен тим: Белчески Рубин, историчар, кустос, Димески Димитрија, фотограф, Велкоски Владимир, историчар на уметност, надворешен член.

Одобрени средства: Во програмата за финансирање на Проекти од национален интерес за 2012 година овој проект беше поддржан со средства во висина од 60.000.оо ден.
Временска рамка: август 2012 година
Реализација: При реализацијата на овој проект посетени се 20 - тина села и цркви од кои беа обработени околу стотина икони, како последна фаза од четиригодишната програма за реализација на овој проект. Обработени се икони кои во понатамошниот период ќе бидат преточени во публикација

Со завршната фаза на овој Проект се комплетираа податоците за иконите за целата територија на Општина Прилеп односно територијата за која е меснонадлежен НУ Завод и Музеј Прилеп. Доколку бидат, во наредните години одобрени средства за публикација на целиот корпус на податоци, би претставувала водич низ богатството на икони со кои располагаат црквите и манастирите од оваа територија. Воедно вака собрани и обработени податоците за сите икони, претставуваат одлична подлога да се пристапи кон поединечна валоризација, или валоризација на истите како целини според местото на сместување.



Црква св. Марена с.Боротино



Св. Атанасие, темпера, гипсан грунд врз штица.
Дим: 75х33х2 см., 19 век Автор: Непознат



Црква Св. Петка, с.Чаниште



Св.Недела, темпера, гипсан грунд врз штица.
Изработена во 19 век, автор непознат



Црква Св.Никола, с. Кореница



Царски двери со благовештение, темпера, гипсан грунд врз штица
Дим: 120x37x3,5 см. и 121x36x3,5 см.
Дверите се изработени во 16 век од непознат автор

3. Откуп на музејски предмети - етнологија

Раководител на проектот: Чагороски Петре, етнолог, советник.
Одобрени средства: Во Програмата за финансирање на Проекти од национален интерес за 2012 година овој Проект беше поддржан со средства во висина од 80.000.оо ден.
Временска рамка: Во текот на целата година.
Реализација: Во текот на ова година откупени се вкупно 110 предмети од приватни сопственици. Истите се внесени во главната инвентарна книга и изработени се инвентарни картони на етнолошкото одделение, останува да се изработи уште фото документација.

Со доделувањето на средства за откуп на етнолошки предмет, односно со реализацијата на овој Проект, се спречува, движното културно наследство да заврши на некоја депонија, со оглед на тоа дека помладите генерации несвесни за важноста на ваквите предмети најчесто до сега се ослободувале од нив фрлајќи ги. Со објавувањето преку јавните гласила дека НУ Завод и Музеј откупува предмети зачести интересот за отстапување на предметите за збогатување на збирката. Ваквата практика со

доделување на средства за откуп ќе го спречи уништувањето на овој дел од културното наследство.

4. Откуп на предмети - Музеј за тутун, Постојана поставка на Музејот за тутун, збирка експонати за уживање тутун

Раководител на проектот: Александар Цветкоски, етнолог, виш кустос.
Одобрени средства: Во Програмата за финансирање на проекти од национален интерес овој проект беше поддржан со средства во висина од 60.000.оо ден.
Временска рамка: Во текот на целата година
Реализација: Во насока на реализацијата на Проектот остварени се повеќе посети на комисиони, антикварници и пазари, како и следење на интернет пазарите во Македонија. Преку формираните Комисии за откуп во рамките на НУ Завод и Музеј, извршена е проценка на вредноста на експонатите, а потоа откупени. Истите се евидентирани во инвентарната книга и фотографирани.
Оваа година збирката на Музејот за тутун е збогатена со нови 63 откупени предмети.


При реализацијата на овој Проект направен е избор во смисол, поради малите средства донесена е одлука да се купуваат експонати кои не се многу скапи но посебни и ретки во однос на староста, квалитетот и документирачката вредност.

Ваквиот избор вроди со плод со тоа што се откупени вредни експонати.

Со реализацијата на овој проект се постигнува двојна корист . Имено се зголемува збирката на експонати но и се спречува експонатите да завршат на некоја депонија, или пак да се уништат. Во цела Македонија особено во Прилеп, како град на тутунот, има сеуште голем број на експонати за кои не ретко сопствениците не им ја знаат вредноста , па често ги фрлаат. Со медиумската објава за можноста да бидат откупени голем број сопственици ги понудија на нашата установа и во зависност од нивната вредност истите се откупуваат. Затоа за поздравување е поддршката на ваквите Проекти од страна на Министерството за култура.



Лула - Стерлинг силвер - Peterson Dublin



Искрило со масло



Сребрена табакера

II. МЕЃУНАРОДНА ДЕЈНОСТ

За 2012 година, на НУ Завод и Музеј Прилеп, во програмата за финансирање на проекти од национален интерес, му се одобрени средства за реализација на два проекти од Меѓународна дејност и тоа:

1.Реализација на изложба на графички листови од 18 и 19 век во Народниот музеј во Нови сад, Република Србија и

2.Откуп на експонати за Музејот за тутун од Германија.

1. Реализација на изложба на графички листови од 18 и 19 век во Народниот Музеј во Нови сад, Република Србија

Раководител на проект: Велкоски Илија, кустос советник.
Стручен тим: Темелкоска Биљана, стручен работник за специјална библиотека и дигитализација на културното наследство.
Одобрени средства: Проектот е финансиран со средства во висина од 180.000.оо ден.
Временска рамка: Мај -Јуни 2012 година.
Реализација: Изложбата беше поставена во просториите на Народниот Музеј на Војводина во Нови Сад, Република Србија. Беа презентирани 33 книжни икони на простор од околу 200 м^2. На денот на отворањето, кој претходно беше медиумски најавуван подолго време, беше организирана од страна на домаќините пригодна програма, испеани се голем број на македонски народни песни од страна на женска пеачка група од Нови Сад. Важноста на изложбата беше дополнително зголемена со присуството на Министерот за култура на Покраинската Влада на Војводина и присуството на Аташето за култура на Р. Македонија во Република Србија.
Изложбата беше медиумски покриена со претставници од пишаните и електронските гласила, а беше снимена и полчасовна програма со интервјуа од претставниците на нашата установа која е емитувана на програмата на македонски јазик во склоп на ТВ Војводина.

Презентирањето на македонското културно наследство во странство претставува многу важен сегмент во запознавање на мегународната јавност со нашата култура, традиција и културно богатство.

Изложбата беше посетена од околу 6000 посетители од кои според кажувањето на домаќините голем број биле припадници на македонското малцинство, за кое оваа изложба претставуваше допир со матичната земја но и гордост со која можеа да се претстават пред останатите малцинства кои живеат во Војводина.

Воспоставена е соработка со Музејот која резултира со иницијативата за возвратна посета на Директорот од оваа институција и подготовки за изработка на еден заеднички Договор за соработка мегу двете институции на сите полиња од дејствувањето на институциите, како и на заеднички проекти.

Отворање на изложбата







SONY
DVCAM



Печатени медиуми



Grafički listovi 18. i 19. veka

- Muzej Vojvodine, Novi Sad
- Petak, 11. Maj 2012. 18:00 — Utorak, 05. Jun 2012. 17:00
- http://www.muzejvojvodine.org.rs/?lat/aktueln...

Objavio Muzej Vojvodine

U petak, 11. maja 2012. godine u 18 sati, otvara se izložba "Grafički listovi 18. i 19. veka" koja predstavlja posetiocima 33 rada od preko dve stotine grafičkih listova iz zbirki Muzeja u Prilepu, Republika Makedonija. Ovi grafički listovi otkriveni su u crkvi Sv. Dimitrija i Sv. Blagovesti u Prilepu i predstavljaju crkvenu umetnost na tlu Balkana. Najpoznatiji autori među njima su Zaharije Orfelin i DŽulijano Zulijani.

Grafički listovi 18. i 19. veka

Datum: **11.05.2012.**

U petak, 11. maja 2012. godine u 18 sati, otvara se izložba "Grafički listovi 18. i 19. veka" koja predstavlja posetiocima 33 rada od preko dve stotine grafičkih listova iz zbirki Muzeja u Prilepu, Republika Makedonija. Ovi grafički listovi otkriveni su u crkvi Sv. Dimitrija i Sv. Blagovesti u Prilepu i predstavljaju crkvenu umetnost na tlu Balkana. Najpoznatiji autori među njima su Zaharije Orfelin i DŽulijano Zulijani.

U XVIII i XIX veku pravoslavno stanovništvo Balkanskog poluostrva većinu podataka o Svetoj Gori dobijalo preko grafičkih listova „štampe" ili „ikona na papiru", kako su popularno nazvane u ovom periodu. Preko Halkidika, Trakije i Bugarske monasi Svete Gore dolazili su u Makedoniju, Srbiju, Crnu Goru, Bosnu i Hercegovinu i Fruškogorske manastire. Noseći sa sobom „ikone na papiru", pravoslavno stanovništvo se upoznalo sa Svetogorskim manastirima, kultovima svetitelja i čudotvornim ikonama. Za vreme takvih poseta Svetogorske grafike bile su poklanjane vernicima i crkvama u znak zahvalnosti za poklone koje je narod davao kao prilog Svetogorskim manastirima. Pri jednoj ovakvoj misiji Svetogorskih monaha, najverovatnije su donešeni i grafički listovi otkriveni u crkvi Sv. Dimitrija i Sv. Blagovesti u Prilepu.

Pred posetiocima Muzeja Vojvodine naćiće se 33 rada od preko dve stotine grafičkih listova iz zbirki Muzeja u Prilepu, Republika Makedonija koji predstavljaju crkvenu umetnost na tlu Balkana. Najpoznatiji autori među njima su Zaharije Orfelin i DŽulijano Zulijani.

Izložba će biti otvorena do 5. juna 2012. godine.

2. Откуп на експонати за Музејот за тутун од Германија

Раководител на проектот: Александар Цветковски, етнолог, виш кустос.
Одобрени средства: Во програмата за 2012 година , Проектот беше финансиран со средства во висина од 90.000.оо ден.
Временска рамка: Во текот на целата година.
Реализација: Во рамките на реализацијата на Проектот формирана е Комисија за избор, проверка и оценка на вредноста на експонатите. Отклупени се 53 експонати кои се многу вредни и квалитетни експонати со тоа што вистинкста цена во комисионите е доста повисока од платената што е резултат на внимателно планирање и менаџирање со одобрените средства.
Најстариот откупен експонат е морнаричко етуи за тутун за џвакање од XVIII век .

Со највисока документаристичка вредност е е кутијата за цигарети ТУР - МАК, турско македонски концерн за цигарети од триесеттите години на дваесеттитот век . Парично највредните експонати се: катер од коска од орикс во длабока резба, и кинеската водна лула за опиум изработена во сребро.

Постигнувањата од реализацијата на Проектот се значајни, како во однос на обогатување на збирката на Музејот за тутун, така и со презентацискиот капацитет и документаристичката основа.

Овогодинешното збогатување и медиумската информираност во врска со нашата спремност за откуп на експонати вроди со плод со тоа што се донираа (од странски посетител на Музејот), бандероли од цигари,

пропаганден матертијал за лули од почетокот на педесеттите години и семејна табакера за цигарети.

Важноста на Музејот за тутун, после издавањето на каталогот, е огромна, искажано преку бројките на посетители но и преку интересот за купување на каталогот. Оваа година во отсуство на организирани посети преку туристичките агенции сепак реализирана е посета од 1217 лица.

Музејот за Тутун медиумски е презентиран во 17 емисии.



Етуи - морнарско - Англиско XVIII век



Катер - Коска од Ориц



Чибук - бидермаер



Лула водна - Сребро - за опиум

III. СОРАБОТКА СО ДОМАШНИ ИНСТИТУЦИИ

Во текот на 2012 година продолжи соработката со Институтот за Археологија при Филозофскиот факултет на Универзитоетот св. Кирил и Методиј, во археолошките ископувања на локалитетот Грамаќе - Старо Бонче, во атарот на селото Бонче. Проектот се реализираше под раководство на Проф. Др. Виктор Лилчиќ. На ископувањата од страна на НУ Завод и Музеј, како меснонадлежен за оваа територија, како член на екипата беше вклучено стручно лице кое беше задолжено за следење на истражувањето и документирање на наодите и истражувањата.

Оваа година истражувањата се вршеа на една од некрополите во м.в. Грамаќе, при што се откриени две гробни конструкции со скромен движен материјал кој се состои од фрагменти од керамички садови и две фибули од железо.

Наодите овозможија истражените гробници да се датираат во македонскиот период.

Истражувањата кои веќе неколку години се изведуваат на овој локалитет во соработка со Институтот за археологија при Универзитет св. Кирил и Методиј, се доста важни бидејќи ја потврдуваат тезата за богатиот живот во мариовско. Големата гробница од македонски тип, иако опустошена од дивите копачи сепак, со скромните наоди во текот на сите години на истражување, доста кажува за важноста на овие простори.

Поради тоа би требало во догледно време веќе да се размислува за конзервација на истата, бидејќи сега е препуштена на милост и немилост на месното население кое за свои потреби ги одвезува камените блокови од гробницата и ги вградува во сопствените градби. Не се за занемарување ниту упадите од дивите копачи.

Директор на
НУ Завод и Музеј, Прилеп
Гордана Данилоска Спироска